ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-487/3
17.08. 2021 год.
ПЕХЧЕВО

Врз основа на одредбите од член 1, член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги (Сл. Весник на РМ бр.63/2017 и бр.172/2018), член 19 од Законот за јавни претпријатија (Сл. Весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018, 35/2019, и Сл. Весник на РСМ бр. 275/2019), член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги (Сл. Весник на РМ бр.7/2016), Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП "Комуналец" - Пехчево за регулиран период 2022 - 2024 година УП1 бр.08 – 103/21 од 26.07.2021 година на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и член 14 од Статутот, Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" – Пехчево, на седницата одржана на ден 17.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП "Комуналец" – Пехчево за регулиран период 2022-2024 година**

**Член 1**

Тарифите за собирање и одведување на урбани отпадни води што ЈКП "Комуналец" - Пехчево ја врши одделено по категории на корисници донесена врз основа на Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП "Комуналец" - Пехчево за регулиран период 2022-2024 година УП1 бр. 08 – 103/21 од 26.07.2021 година на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, изнесува:

1. За регулиран период 2022-2024 година, се утврдува тарифа на услугата собирање и одведување на урбани отпадни води на физички лица и тоа:

   - За 2022 година во износ од 13,16 ден /$м^3$
   - За 2023 година во износ од 13,34 ден /$м^3$
   - за 2024 година во износ од 13,53 ден /$м^3$

2. За регулиран период 2022-2024 година, се утврдува тарифа на услугата собирање и одведување на урбани отпадни води на правни лица и тоа:

   - За 2022 година во износ од 23,02 ден /$м^3$
   - За 2023 година во износ од 22,68 ден /$м^3$
   - за 2024 година во износ од 22,33 ден /$м^3$

На овие тарифи ќе се пресметува +5% ДДВ и +1% надоместок за испуштање на отпадни води.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила по добиена согласност од Советот на Општина Пехчево и објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на одредбите од членовите 1, 2, 11 и 13 од од Методолигијата за определување на тарифите за водни услуги (Сл. Весник на РМ бр.63/2017 и бр.172/2018), член 19 од Законот за јавни претпријатија (Сл. Весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и Сл. Весник на РСМ бр. 275/2019), член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги (Сл. Весник на РМ бр.7/2016), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП "Комуналец" - Пехчево за регулиран период 2022-2024 година УП1 бр.08 – 103/21 од 26.07.2021 година.

ЈКП "Комуналец" – Пехчево, при одредување на конечната верзија на тарифа согласно законската можност ја избра оваа тарифа, водејќи се при тоа од интересите на крајните корисници.

Со оваа тарифа се очекува да бидат покриени минималните оперативни трошоци и амортизација на сопствените основни средства на ЈКП "Комуналец" - Пехчево како давател на водната услуга.

Врз основа на погореизнесеното, Управниот одбор одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Управен одбор
на ЈКП "Комуналец"- Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

17.08.2021 година
Пехчево